# * СЛУЖБЕН ГЛАСНИК *
# на општина Дебрца


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН **ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | **БЕЛЧИШТА**<br>**04.05.2023 година.**<br><br>**Број 04. Год. 2023** | **ЕДБ:4020004141925**<br>**КОНТАКТ:**<br>**E-mail :belcista@t-home.mk, contact@debrca.gov.mk**<br>**Телефон :046/286-855** |


Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ" број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападен плански регион за 2022 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападен плански регион за 2022 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 27.04.2023 година.

**Број 09-595/1**
**02.05.2023 год .**
**Белчишта .**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник ,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/2002) и член 21 од Статутот на општина Дебрца („Службен гласник на општина Дебрца“ број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 27.04.2023 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападен плански регион за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Дебрца го разгледа и усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион за 2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца“.

**Број 08-551/4**
**27.04.2023 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Завршна сметка за 2022 година за Центарот за развој на Југозападен плански регион и за проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Завршна сметка за 2022 година за Центарот за развој на Југозападен плански регион и за проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ ,  што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 27.04.2023 година.

**Број 09-595/2**
**02.05.2023 год .**
**Белчишта .**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник ,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/2002) и член 21 од Статутот на општина Дебрца („Службен гласник на општина Дебрца“ број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 27.04.2023 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Завршна сметка за 2022 година за Центарот за развој на Југозападен плански регион и за проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“**

**Член 1**

Советот на општина Дебрца ја разгледа и усвои Завршната сметка за 2022 година за Центарот за развој на Југозападен плански регион и за проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца“.

**Број 08-551/5**
**27.04.2023 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илчо Алексоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за дополнување на годишната програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2023 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за дополнување на годишната програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2023 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 27.04.2023 година.

**Број 09-595/3**
**02.05.2023 год .**
**Белчишта .**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник ,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број5/2002 ) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 27.04.2023 година, донесе:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за дополнување на годишната програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2023 година**

**I.**

Во Годишната програма за развој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2023 година („Службен гласник на општината Дебрца“, број 11/2022), во делот II., “ВОДОСНАБДУВАЊЕ,” по точка 7, се додаваат точките 8 и 9, кои гласат:

| | |
|---|---|
| ▪ Санација на каптажа за водоснабдување на село Сливово; | 500.000 |
| ▪ Реконструкција / замена на дел од цевковод / на регионален водоснабдителен систем “Св.Еразмо”; | 3.500.000 |

во делот II., “ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ” по точка 4, се додава точка 5, која гласи:

| | |
|---|---|
| ▪ Санација на кровна конструкција на Дом во село Врбјани; | 400.000 |

**II.**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општината Дебрца.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Илчо Алексоски с.р.**

**Број 01-551/6**
**27.04.2023 година**
**с.Белчишта**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Годишната програма за дополнување на Годишната програма за развој на спортот во општина Дебрца за 2023 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма за дополнување на Годишната програма за развој на спортот во општина Дебрца за 2023 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 27.04.2023 година.

**Број 09-595/4**
**02.05.2023 год .**
**Белчишта .**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник ,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број5/2002) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 27.04.2023 година, донесе :

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за дополнување на Годишната програма за развој на спортот во општина Дебрца за 2023 година**

**I.**Во Годишната програма за развој на спортот во општина Дебрца за 2023 година („Службен гласник на општината Дебрца“, број 11/2022), во Дел IIIБ “Поддршка на спортски манифестации во општината”, по точка 7 се додаваат точка 8 и 9, кои гласат :

| | |
|---|---|
| • Поддршка на планински велосипедски тури | 60.000 |
| • Регионално првенство за млади во шах “Езерска Кралица Школски Куп 2023”<br><br>Здружение Шаховски клуб Младинска Шаховска Школа Струга | 6.000 |

во Дел IIIВ “Поддршка на спортски клубови од општината”, по точка 8 се додава точка 9, која гласи

| | |
|---|---|
| • ЖФК Билјанини извори Охрид<br><br>• ТК Охрид Охрид | 40.000<br>30.000 |

**II.**Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Дебрца”.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

Број 01-551/7
27.04.2023 година
с.Белчишта

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Илчо Алескоски с.р.**



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за предавање во сопственост на движни ствари - пластични канти за комунален отпад

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за предавање во сопственост на движни ствари - пластични канти за комунален отпад, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 27.04.2023 година.

**Број 09-595/5**
**02.05.2023 год .**
**Белчишта .**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник ,**
**Зоран Ногачески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002) и член 45 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите на општинската сопственост („Службен весник на РМ“, број 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019, 275/2019 и 122/2021), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 27.04.2023 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За предавање во сопственост на движни ствари - пластични канти за комунален отпад**

**Член 1**

Со оваа Одлука на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта се предаваат во сопственост без надоместок 323 (триста дваесет и три) пластични канти за комунален отпад со капацитет од 240 литри, набавени од Центар за развој на Југозападниот плански регион, наведени во Записник за примопредавање на пластични канти за отпадоци, број 02-275/1 од 27.02.2023 година.

**Член 2**

Записникот за примопредавање на пластични канти за отпадоци, број 02-275/1 од 27.02.2023 година, влегува во прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник“ на општина Дебрца.

Број 08-551/8 
27.04.2023 година 
Белчишта

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА 
ПРЕТСЕДАТЕЛ 
Илчо Алексоски с.р.



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Правилникот за дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување еднократна парична помош од Буџетот на општина Дебрца**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Правилникот за дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување еднократна парична помош од Буџетот на општина Дебрца, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 27.04.2023 година.

**Број 09-595/6**
**02.05.2023 год .**
**Белчишта .**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник ,**
**Зоран Ногачески с.р.**



Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( "Службен весник на РМ", број 5/02 ) и член 21 став 1 точка 40 од Статутот на општина Дебрца ( "Службен гласник на општина Дебрца", број 5/2005 ), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 27.04.2023 година, донесе :

## ПРАВИЛНИК
## за дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување еднократна парична помош од Буџетот на општина Дебрца

### Член 1

Во Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на еднократна парична помош од Буџетот на општина Дебрца ( "Службен гласник на општина Дебрца", број 02/18, 03/18, 11/18, 02/19, 05/19 и 08/21 ), во член 5, после ставот 2 се додава став 3 кој гласи :
„со одлука на советот на општина Дебрца, може да се додели еднократна парична помош поголема од 20.000 денари, но не повеќе од 60.000 денари.

### Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Дебрца".

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 01-551/9**
**27.04.2023 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Илчо Алексоски с.р.**



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ" број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за еднократна парична помош

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за еднократна парична помош, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 27.04.2023 година.

**Број 09-595/7**
**02.05.2023 год .**
**Белчишта .**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Градоначалник ,**
**Зоран Ногачески с.р.**



Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самопуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002) и член 21 од Статутот на општина Дебрца („Службен гласник на општина Дебрца“, број 3/2005), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 27.04.2023 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за доделување еднократна парична помош**

**1.** Со оваа Одлука на **Сарафил Силјаноски** со адреса на живеење во с.Лактиње општина Дебрца, се доделува еднократна парична помош во износ од **60.000** денари, како помош за лице кое се нашло во положба на социјален ризик поради претрпена природна непогода – пожар на семејната куќа.

**2.** Средствата од точка 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на општина Дебрца за 2023 година.

**3.** Се задолжува Градоначалникот за извршување на оваа Одлука.

**4.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Дебрца“.

**Број 08-551/10**
**27.04.2023 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илчо Алексоски с.р.**



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечен надоместок за одржување на водоводна мрежа кај сите корисници домаќинства и правни субјекти, усвоена од Управниот одбор на ЈП за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечен надоместок за одржување на водоводна мрежа кај сите корисници домаќинства и правни субјекти, усвоена од Управниот одбор на ЈП за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 27.04.2023 година.

**Број 09-595/8**
**02.05.2023 год .**
**Белчишта .**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник ,**
**Зоран Ногачески с.р.**



Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 27.04.2023 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Одлуката за утврдување на месечен надоместок за одржување на водоводна мрежа кај сите корисници домаќинства и правни субјекти, усвоена од Управниот одбор на ЈП за комунална деност „Дебрца“ с.Белчишта**

**Член 1**

Советот на општина Дебрца дава согласност на Одлуката за утврдување на месечен надоместок за одржување на водоводна мрежа кај сите корисници домаќинства и правни субјекти, усвоена од страна на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта, број 02-150/3 од 26.04.2023 година

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник“ на општина Дебрца.

**Број 08-551/11**
**27.04.2023 година**
**Белчишта**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Илчо Алексоски с.р.**



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ број 5/02), Градоначалникот на општина Дебрца, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на бод за исплата на плата на вработените во ЈПКД Дебрца за 2023 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на бод за исплата на плата на вработените во ЈПКД Дебрца за 2023 година, што општина Дебрца ја донесе на седницата одржана на ден 27.04.2023 година.

**Број 09-595/9**
**02.05.2023 год .**
**Белчишта .**

**ОПШТИНА ДЕБРЦА**
**Градоначалник ,**
**Зоран Ногачески с.р.**



Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002), Советот на општина Дебрца, на седницата одржана на ден 27.04.2023 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Одлуката за утврдување на бод за исплата на плата на вработените во ЈПКД Дебрца за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Дебрца дава согласност на Одлуката за утврдување на бод за исплата на плата на вработените во ЈПКД Дебрца за 2023 година, усвоена од страна на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунална дејност „Дебрца“ с.Белчишта, број 02-150/5 од 26.04.2023 година

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник“ на општина Дебрца.

Број 08-551/12
27.04.2023 година
Белчишта

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Илчо Алексоски с.р.



S O D R @ I N A :

1. Одлука за усвојување на годишниот извештај за реализација на програмата за развој на Југозападниот плански регион за 2022 година --------------------------------------------------- стр.2
2. Одлука за усвојување на Завршна сметка за 2022 година за Центарот за развој на Југозападен плански регион и за проектот : „одржлив и инклузивен рамномерен развој“---------------------------------------------------------------------------------------------------------------стр.4
3. Годишна програма за дополнување на годишната програма за рзвој на локалната инфраструктура и комуналните услуги во општина Дебрца за 2023 година -------------стр.6
4. Годишна програма за дополнување на Годишната програма за развој на спортот во општина Дебрца за 2023 година-------------------------------------------------------------------стр.8
5. Одлука за предавање во сопственост на движни ствари – пластични канти за комунален отпад-----------------------------------------------------------------------------------------------------стр.10
6. Правилник за дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување еднократна парична помош од Буџетот на општина Дебрца ---------------стр.12
7. Одлука за доделување еднократна парична помош---------------------------------------стр.14
8. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечен надоместок за одржување на водоводна мрежа кај сите корисници и правни субјекти, усвоена од Управниот одбор на ЈП за комунална дејност Дебрца с.Белчишта---------------------стр.16
9. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на бод за исплата на плата на вработените во ЈПКД Дебрца за 2023 година-------------------------------------стр.18
10. Содржина------------------------------------------------------------------------------------------------стр.19

====================================